ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО СКОПЈЕ СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2020 05 05/1

**Скопје, март 2021 година**

## Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 12 |
| **Финансиски извештаи за 2019 и 2018 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 13 |
| Биланс на состојба | 14 |
| Преглед на промени на извори на капитални средства | 15 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 16 - 23 |
| Сметководствени политики | 24 -38 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 38 - 41 |

Кратенки користени во извештајот:

УКИМ - Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
ФИНКИ - Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
РСМ - Република Северна Македонија
ГДР - Главен државен ревизор
ОДР - Овластен државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:14-218/4

Дата: 11.03.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје, како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, сметка на основен буџет (603), за 2019 година.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2019 година, ревизијата изрази мислење со резерва.

Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ФИНКИ, сметка на основен буџет (603), во изминатиот период не е вршена.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај ФИНКИ, сметка на основен буџет (603), за 2019 година констатирани се одредени состојби и тоа:

- пописот на средствата и обврските не е изготвен согласно одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, додека за нематеријалните средства и материјалите на залиха не е извршен попис;
- за софтвери и лиценци за користење на софтвери не е извршено евидентирање на сметката за нематеријални средства и
- не се води евиденција за набавката и трошењето на канцелариски и други материјали.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел за преземање на мерки и активности.
Во делот - Останати прашања, ги обелоденивме следните состојби:

- Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, согласно Законот за високото образование од месец мај 2018 година, требало да се формира во рок од една година од денот на влегување во сила на Законот, а донесувањето на актите предвидени со Законот требало да биде најдоцна во рок од шест месеци од денот на неговото формирање. До завршување на ревизијата Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, сеуште не е формиран, поради тоа и не се преземени активности во врска со предлагање на износ на средства за финансирање на универзитетите и самостојните високи стручни школи за наредната буџетска година од Буџетот на РСМ, што придонесува за различен начин на постапување и функционирање од страна на високо образовните установи, преку акти и одлуки што тековно ги донесуваат;
- остварувањето на право на плата и надоместоци на плата, врз основа на Одлука за утврдување и исплата на плати и надоместоци од плата на вработените на УКИМ - ФИНКИ, во услови на непостоење на Колективен договор за високообразовна дејност, непостоење на одредби во Законот за високото образование создава ризик за различен начин на пресметка и исплата на платите во рамките на единиците на УКИМ, како и во рамките на јавните универзитети во РСМ;
- не е донесен општ акт за интегрирана стручна и административна служба од страна на Ректорската управа, со кој ќе се утврдат начинот на работа, видовите на работните места, работните задачи со условите, бројот на извршителите и нивните права, обврски, одговорности и други прашања поврзани со Службата ниту пак е донесен правилник за начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците, меѓу кои е и ФИНКИ, од страна на Сенатот, согласно Статутот на УКИМ и
- ненавременото донесување на статутот и другите општи акти кои произлегуваат од истиот, односно нивното ненавремено усогласување со измените во законската регулатива, придонесува за неусогласено работење на постојните универзитети и единиците во нивниот состав, односно нееднаквост и неусогласеност во начинот на организацијата, работењето, одлучувањето и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност.

Од страна на одговорното лице на ФИНКИ, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 15 до 17 и ревизија на усогласеност на ФИНКИ, сметка на основен буџет (603), за 2019 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на изворите на капиталните средства за 2019 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Досега не е вршена ревизија и не е издаден извештај за ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на ФИНКИ на сметката на основен буџет (603).

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. д-р Иван Чорбев, декан од 15.09.2015 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во РСМ и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на факултетот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена со прекини поради користење годишни одмори, во периодот од 04.08. до 31.10.2020 година, кај ФИНКИ, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок, одржан преку видео конференциска врска, со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.11.2020 година.
Од страна на одговорното лице на ФИНКИ, во дадениот рок не се доставени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Наставно научниот совет на факултетот на седница одржана на 20.02.2020 година донел Одлука бр. 02-247/14 од 20.02.2020 година за прифаќање на Извештајот за финансиско работење и Завршната сметка за 2019 година и пописот на факултетот за 2019 година, при што како основ за донесување на одлуката е наведен членот 110 од Законот за високото образование и членот 262 од Статутот на УКИМ, кои во Статутот на ФИНКИ се регулирани со членот 57 точка 11. Во врска со усвојување на Извештајот за пописот не е постапено во согласност со одредбите од членот 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој е пропишано дека Извештајот за извршениот попис заедно со актот на одговорното лице на буџетите и буџетските корисници се доствува до сметководството најдоцна дваесет дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка. Истото, има за ефект ненавремено донесување на актите во врска со пописот и неможност за постапување на надлежните од сметководството во врска со евидентирањето на утврдени кусоци или вишоци.

**Препорака:**
Извештајот за извршениот попис заедно со актот на одговорното лице да се доставува до сметководството најдоцна дваест дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка.

### 3.2. Финансиски извештаи

3.2.1. При вршењето на пописот со состојба на 31.12.2019 година, не се применети во целост одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Со ревизијата констатирани се состојби кои влијаат на целосноста и квалитетот на пописот, а се однесуваат на следното:
- пописот на материјалните средства – опремата, со состојба на 31.12.2019 година е извршен со утврдување само на фактичката состојба на количините во пописните листи, без да бидат внесени и податоци за количините и вредноста според сметководствената евиденција, што не е во согласност со членот 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде се пропишани активностите кои ги врши пописната комисија и
- не е извршен попис на нематеријалните средства – лиценци и софтвери и на материјалите на залиха, што не е во согласност со одредбите од членот 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, според кој помеѓу другото со попис се утврдува и состојбата на нематеријалните средства, материјалите, на ден 31 декември од причина што не се евидентирани во сметководството и
- за 2019 година на доглорочни средства не е извршена ревалоризација што не е во согласност со одредбите од членот 20 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 28 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници каде е пропишан начинот на пресметка на ревалоризација. Наведените состојби влијаат на реалноста и објективноста на искажаните состојби во сметководствената евиденција и финансиските извештаи за 2019 година.

**Препорака:**

Надлежните органи да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на средствата и обврските согласно законските одредби и тоа:

- да извршат попис на нематеријалните средства;
- да извршат усогласување на фактичката состојба утврдена со пописот со сметководствената состојба на средствата и обврските и
- да извршат ревалоризација на набвната вредност и исправката на вредноста на материјалните и нематеријалните средства за 2019 година и таква пракса да имаат и во понатамошните години кога се исполнети условите за тоа.

3.2.2. На сметката за нематеријални средства во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи нема искажано состојба. Во текот на ревизијата, на барање од ревизорите, од страна на надлежните доставен е допис дека на факултетот се користи електронски ситем, односно се плаќаат лиценци за користење на софтвер: “Набавка на MICROSOFT лиценци и претплата за академија за потребите на

Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје“ за кој е спроведена и постапка за јавна набавка но истите не се евидентирани како нематеријални средства. Според податоците од доставениот допис, на факултетот се користат и софтвери за повеќе видови на други активности.
Неевидентирањето на лиценците и софтверите како нематеријални средства не е во согласност со одредбите од членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 2 став 1 и 4 од Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на буџетските корисници и има за ефект неточно искажани состојби во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 2019 година.

**Препорака:**
Надлежните од факултетот да преземат активности за евидентирање на лиценците за користење на софтвер за кои се плаќа надоместок, а за останатите софтвери кои се користат од страна на факултетот да се утврди бројот, да се утврди вредноста и истите да се евидентираат.

3.2.3. Набавките на разни канцелариски и други материјали за потребите на ФИНКИ не се евидентираат во сметководствената и материјалната евиденција преку сметките за Материјали на залиха. Во 2019 година евидентиран е трошок во вкупен износ од 745 илјади денари од кој на сметката 788 - сметка на буџет од самофинансирачки активноси износ од 729 илјади денари, а од сметката 603 - сметка на основен буџет износ од 16 илјади денари. За истите не се врши материјално задолжување и раздолжување што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки од сметковниот план за буџетските корисници. Причина е воспоставената пракса од минати години во кои не е водена сметководствена евиденција за набавките, потрошокот и евентуалните залихи на непотрошени материјали на крајот на годината. Невоспоставената сметководствена евиденција создава ризик од ненаменско користење на истите и има влијание на реално и објективно искажување на позицијата залихи во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Одговорните лица на ФИНКИ да преземат активности за воспоставување на сметководствена евиденција на извршените набавки и издавање на материјали.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.1. и 3.2. кои се однесуваат на:

- пописот со состојба на 31.12.2019 година, не е извршен во целост;

- непресметана ревалоризација на материјалните и нематеријалните средства за 2019 година;
- нематеријалните средства не се искажани во сметководствената евиденција и
- набавките на разни канцелариски и други материјали за потребите на факултетот не се евидентираат во сметководствената и материјална евиденција.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2., финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (603) на ФИНКИ на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (603) на ФИНКИ за 2019 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во ФИНКИ прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија и тоа:

- на сметката Опрема извршено е евидентирање на износ од 636 илјади денари по основ на набавена, а не евидентирана опрема во текот на 2019 година, која се состои од канцелариска опрема во износ од 46 илјади денари и два анти-смог атомизери во вредност од 590 илјади денари и
- бидејќи набавените атомизери се ставени во употреба од месец февруари 2019 година за периодот до декември извршена е пресметка на амортизација во износ од 49 илјади денари и истата е евидентирана.

Предходно наведените корекции се спроведени со налозите за книжења број 08-001 од 10.09.2020 и 08-002 од 21.09.2020 година.

## 6. Останати прашања

6.1. Заради обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитетот во високото образование и научно-истражувачката дејност, согласно Законот за високото образование пропишано е формирање на Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност како самостоен стручен орган со седиште во Скопје, во чиј состав има 15 члена кои ги избира Собранието на РСМ. Во членот 43 од Законот за високото образование детално се утврдени надлежностите на Националниот совет, кои се однесуваат на следење на развојот на високото образование, изготвување, предлагање и донесување на правилници, уредби и програми од интерес на високообразовните институции. Националниот совет, согласно Законот за високото образование од месец мај 2018 година, требало да се формира во рок од една година од денот на влегување во сила на Законот, 16.05.2018 година, а донесувањето на актите предвидени со Законот требало да биде најдоцна во рок од шест месеци од денот на неговото формирање. До завршување на ревизијата Национален совет за високо образование и научно-истражувачка дејност сеуште не е формиран.
Имајќи предвид дека Национален совет секоја буџетска година, најдоцна до 15 мај, согласно со Уредбата за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, на министерот надлежен за работите на високото образование му предлага износ на средства за финансирање на универзитетите и самостојните високи стручни школи за наредната буџетска година од Буџетот на РСМ, а истиот сеуште не е формиран и не е донесена Уредба, голем дел од работите и актите кои се во надлежност на Националниот совет за кои ова стручно тело треба да даде мислења, предлози, да утврди или да донесе соодветни норми за кои Владата на РСМ или Министерството за образование и наука даваат согласност, не се донесени, што придонесува за различен начин на постапување во однос на донесување акти и одлуки од страна на високообразовните институции.

6.2. Согласно членот 160 став 2 од Законот за високото образование, уредено е дека правата, обврските и одговорностите на вработените на високообразовните установи се уредуваат со општите прописи за работните односи, освен ако со овој закон не е поинаку определено.
Според Законот за работни односи, работникот има право на плата согласно закон, колективен договор и договорот за вработување и истата се состои од основна плата, дел од плата за работна успешност и додатоци ако со друг закон не е поинаку определено. Платата на работникот за работа со полно работно време не може да биде пониска од минималната плата утврдена според Закон и колективен договор. Со цел дефинирање на единствени основи за плата и надоместоци на плата на избраниот наставно - научен кадар во високообразовниот систем, ревизијата има обврска да истакне дека до денот на ревизијата не е склучен колективен договор

помеѓу мнозинскиот синдикат организиран од високообразовни установи во РСМ и Владата на РСМ.

Од друга страна, правата, обврските и одговорностите на ненаставниот кадар се уредуваат со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи, освен ако со Законот за високото образование не е поинаку определено. Согласно Законот за вработените во јавниот сектор, лицата кои вршат стручно-административни работи се административни службеници според Законот за административни службеници, со кој се регулира платата и другите права и обврски од работен однос на административните службеници.

Во вакви услови пресметката и исплатата на плати и надоместоци на вработените се врши согласно Одлуката за утврдување на плати и надоместоците на вработените[1] со измени од 24.12.2015, 03.11.2016 и 26.12.2017 година и Одлука за утврдување на плати и надоместоците на вработените[2] која е донесена врз основ на член 2 од Правилникот за единствените основи за одредување на платите и надоместоците на вработените на УКИМ објавен во Универзитетски гласник бр.161/2010, иако со Законот за високото образование донесувањето на ваквите акти и можноста за уредување на платите со општи интерни акти не е предвидена.

Остварувањето на право на плата и надоместоци на плата, врз основа на интерен акт на високообразовна установа, а во услови на непостоење на Колективен договор за високообразовна дејност, непостоење на одредби во Законот за високото образование придонесува за различен начин на пресметка и исплата на платите во областа на високо образовната дејност во РСМ.

6.3. Согласно Законот за високото образование член 88 и Статутот на УКИМ член 251, за вршење на стручните и админитративните работи на високообразовната установа се формира стручна и админитративна служба. Истата се организира како интегрирана стручна и административна служба на Универзитетот, која ја сочинуваат Централната стручна и административна служба - Ректоратот и стручните и административни служби на единиците, помеѓу кои и стручната и административна служба на ФИНКИ. Службата на Универзитетот се организира по сектори, во согласност со функционалната поврзаност на дејноста на единиците на Универзитетот утврдени со Статут на УКИМ.

Со правилник што го донесува Сенатот се утврдува начинот на кој се вршат стручните и административните работи од заеднички интерес за единиците на Универзитетот.

Начинот на работа, видовите на работните места, работните задачи со условите, бројот на извршителите и нивните права, обврските, одговорностите и другите

---

[1] број 02-718/1 од 26.05.2014 објавена во Универзитетски гласник бр.306 од 30.01.2015 година
[2] број 02-2434/1 од 26.09.2019 објавена во Универзитетски гласник бр.440 од 08.10.2019 година

прашања поврзани со Службата на Универзитетот се утврдуваат со општ акт на Ректорската управа, по предлог на ректорот.
Во услови на недонесување на актите на ниво на Служба на универзитетот, како што е предвидено со Статутот на УКИМ, се јавува состојба која придонесува за нееднаквост и неусогласеност во начинот на организација и работа, работните места и работните задачи со условите и бројот на извршителите и нивните права, обврски, одговорности и други прашања помеѓу службите на единиците, како и во начинот на извршувањето на стручните и административните работи во административните служби на единиците, во кои е вклучена и административната служба на ФИНКИ.

6.4. Со Статут на УКИМ се утврдуваат и се уредуваат: начинот на остварувањето на улогата, задачите и дејностите на Универзитетот; остварувањето на автономијата на Универзитетот; усогласувањето на посебните, заедничките и општите интереси на единиците; внатрешната организација на Универзитетот и формите на меѓусебна соработка; органите и телата на Универзитетот и на единиците; обезбедувањето квалитет при вршењето на дејноста; развојот и планирањето, финансирањето и управувањето со имотот; високообразовната дејност; научноистражувачката дејност; уметничка дејност; соработката со други високообразовни и научни установи во земјата и во странство; применувачката, односно апликативната и стручната дејност; наставно-научните, научните и другите звања; правата и обврските на студентите, како и студентското организирање и управување; студентскиот правобранител и други прашања од значење за остварување на дејноста на Универзитетот се уредуваат со Статут и други општи акти.
Единиците на Универзитетот ги утврдуваат внатрешните односи и работењето со статут и други акти согласно со закон.
Со донесување на Законот за високото образование, согласно член 214 , во насока на усогласување на работењето на постојните универзитети и единиците во нивниот состав и самостојните високообразовни установи запишани во Регистарот на високообразовните установи во РСМ , истите се обврзуваат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за високото образование да ги донесат статутите и другите општи акти утврдени со ново донесениот Закон.
Статутите и другите општи акти на високообразовните установи донесени пред стапувањето во сила на овој закон, престануваат да важат по истекот на рокот за нивно усогласување, а до истекот на рокот за усогласување на општите акти, се применуваат постојните општи акти.
Врз основа на член 94, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Универзитетскиот сенат на УКИМ, на 23 седница одржана на 26.06.2018 година и на 32 седница одржана на 06.06.2019 година, го донел Статутот на УКИМ. Одлука за давање на согласност на Статутот на УКИМ од страна на Собранието на РСМ е донесена на 26.06.2019 година, со

задоцнување од една година од законски утврдениот рок за донесување, по што истиот е објавен во Универзитетски Гласник бр.425 на 28.06.2019 година.
Согласно член 147 од Статутот на УКИМ, Внатрешната организација на единиците и другите прашања поврзани со неа, кои не се утврдени со овој Статут, се утврдуваат со Статут на единицата. Внатрешните организациони единици на факултетите и научните институти мора да ги исполнуваат условите утврдени со закон и со овој Статут, кои се однесуваат за секоја организациона единица посебно. Начинот и постапката на организирање внатрешни организациони единици се утврдуваат со статутите на единиците. Поради тоа по донесување на Статутот на УКИМ, а врз основа на член 110 од Законот за високото образование и член 147 од Статутот на Универзитетот, Наставно научниот совет на ФИНКИ на седница одржана на 10.09.2019 година го донел Статут на ФИНКИ, во врска со што од страна на Универзитетскиот сенат на 34 седница од 27.09.2019 година донесена е Одлука за давање на согласност на Статутот на ФИНКИ. Статутот и Одлуката за давање на согласност на истиот се објавени во Универзитетски Гласник бр.443 од 09 октомври 2019 година.

Ненавременото донесување на статутите и другите општи акти кои произлегуваат од истиот, односно нивното ненавремено усогласување со измените во законската регулатива, создава можност за неусогласено работењето на постојните универзитети и единиците во нивниот состав, односно нееднаквост и неусогласеност во начинот на организацијата, работењето, одлучувањето и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност.

**Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје**

**Сметка на основен буџет 603**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАХОДИ ЗА 2019 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Тековни трансфери од други нивоа на власт | 3.1. | 42.146 | 41.700 |
| **Вкупно приходи** | | **42.146** | **41.700** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надомести | 3.2.1. | 41.538 | 40.210 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 608 | 1.490 |
| **Вкупно расходи** | | **42.146** | **41.700** |

**Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје**

**Сметка на основен буџет 603**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 3.622 | 3.417 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3.622** | **3.417** |
| | | | |
| **Материјални средства** | | | |
| Опрема | 4.2.1. | 6.517 | 6.328 |
| **Вкупно капитални средства** | | **6.517** | **6.328** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **10.139** | **9.745** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 3.622 | 3.417 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **3.622** | **3.417** |
| | | | |
| **Извори на материјални средства** | | | |
| Државен-јавен капитал) | 4.4.1. | 6.517 | 0 |
| **Вкупно извори на материјални средства** | | **6.517** | **6.328** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **10.139** | **9.745** |

**Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје**

**Сметка на основен буџет 603**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2019 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2019 година** | **6.328** | **6.328** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **2.378** | **2.378** |
| Набавки | 2.378 | **2.378** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.189** | **2.189** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | - |
| Амортизација | 2.189 | **2.189** |
| Останати намалувања | | |
| **Состојба 31.12.2019 година** | **6.517** | **6.517** |